**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**С К О П Ј Е**

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Договорниот орган Министерството за финансии на Република Македонија, со седиште на ул: „Даме Груев“, бр. 14 - Скопје, има потреба од набавка на услуга за објавување на огласи во печатени медиуми во период од две години.

За таа цел, договорниот орган Министерството за финансии спроведува постапка за склучување на рамковна спогодба за доделување на договори за јавната набавка со отворена постапка во согласност со член 115, став 1 од Законот за јавните набавки (“Службен весник на Република Македонија“, бр. 136/2007, 130/2008, 97/2010 и 53/2011).

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да достават понуда за горенаведениот договор за јавна набавка најдоцна до **20.01.2012 година, до 12,00 часот**, по пошта или лично со поднесување на понудата во писарницата на Министерството за финансии на ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин“ бб (поранешна зграда на НИП “Нова Македонија“) во Скопје.

Тендерската документација е прикачена кон огласот број 08/2011 и секој заинтересиран економски оператор може да ја преземе бесплатно од ВЕБ страницата: https://e-nabavki.gov.mk. Тендерската документација ги содржи сите информации кои можат да помогнат за изработка на понудата и се состои од следниве делови: инструкции за економските оператори, технички спецификации, модел на договор и образец на понуда.

Тендерските документи се достапни на македонски јазик.

Евентуални прашања или барања на појаснувања во врска со тендерската документација можат да се доставуваат на горенаведената поштенска адреса или на следнава електронска адреса: filip.gochevski@finance.gov.mk.

Сите одговори на поставени прашања или барања на појаснувања во врска со тендерската документација договорниот орган ќе ги достави до економските оператори кои презеле тендерска документација, без да се идентификува економскиот оператор што поставил прашање или побарал појаснување. Исто така, и евентуалните измени на тендерската документација договорниот орган ќе ги достави до економските оператори кои презеле тендерска документација, а измените ќе бидат објавени и на ВЕБ страницата https://e-nabavki.gov.mk.

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на **20.01..2012 година, во 12,00 часот**, во просториите на Министерството за финансии на ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин“, бб (поранешна НИП “Нова Македонија“), I кат, во салата за состаноци.

Благодариме за соработката!

**Комисија за јавната набавка**
**Претседател,**